UNIVERSITETI I EJL
ЈИЕ УНИВЕРЗИТЕТ
SEE UNIVERSITY

# П Р А В Е Н
# Ф А К У Л Т Е Т

## СТУДИСКА ПРОГРАМА ЗА ПОСЛЕДИПЛОМСКИ СТУДИИ

**(Master of Arts)**

**НАЗИВ НА ПРОГРАМАТА:**

# СТУДИИ ПО КРИВИЧНО ПРАВО

## В О В Е Д

**Правен факултет**

| | |
|---|---|
| **1. Институција/Орган за давање титула** | ЈИЕ Универзитет |
| **2. Наставна институција** | ЈИЕ Универзитет |
| **3. Место на изведување настава** | Кампус на ЈИЕУ (Тетово) |
| **4. Програма акредитирана од:** | Борд за акредитација |
| **5. Финален научен степен** | М.А. |
| **6. Програма** | Студии по кривично право |
| **7. Датум на изработка/ревизија** | Септември 2007 |
| **8. Група на студенти** | Генерација од академската 2008/2009 год. |

**9. Наставни цели на програмата**

- До завршувањето на програмата студентите ќе стекнат знаења и разбирање за: сите области од кривичното право како што се: кривичното материјалното право, меѓународно кривично право, кривичната постапка, судската медицина, криминологијата, трговијата со луѓе, пенологијата криминалистиката, малолетничката деликвенција и сл. , како и за суштинските правила релевантни за клучните области од кривичното право, теоретските перспективи и академските дебати кои суштински ги потенцираат правните области, клучните аспекти, политичките проблеми и начелата поврзани со ратификацијата на одредени меѓународни конвенции за борбата против организираниот криминал во државатата.
- Студентот ќе биде во можност: успешно да ги примени знаењата стекнати за кривичното право во многуте ситуации каде што се разгледуваат релевантните практични или теоретски проблеми.
- Да ги оценува проблемите со оглед на нивниот контекст, релевантност и значење и да ги поврзува релевантните информации и клучните извори понудени преку електронските или другите средства.
- Да ги оценува проблемите и да најде решенија поврзани со имплементацијата на кривичното право во државата, да ги формулира аргументите за главните проблеми и контроверзните области и да презентира рационално размислување засновано врз релевантни материјали.
- Да ги препознае потенцијалните алтернативни аргументи и спротиставени докази по свое сопствено мислење и да ги презентира .
- Да демонстрира слободоумност и способност да понуди критички предизвик по стекнатото знаење за поединечните проблеми и да даде конструктивен одраз на научниот прогрес.

**10. Резултати од наставата**

Вториот циклус на програмата по Кривично право ќе понуди солидни знаења и систематско разбирање за институционалните структури, клучните правни начела и одредени контексти на кривичното право.

| **Стекнати знаења** | **Предавања/настава, методи и стратегии на проценување што се употребуваат за постигнување и презентирање на резултатите** |
|---|---|
| **А. Стекнати знаења и согледувања:**<br>1. Оваа програма ќе им овозможи вредни последипломски квалификации на оние студенти кои имаат намера да заземат водечка улога во процесот на борбата против криминалот и посебно против модерните форми на организиран криминал и корупција.<br><br>2. Да се здобијат со вредни комуникациски вештини оние кои се заинтересирани за вработување по завршувањето на последипломските студии во секторите за внатрешни работи и политика, судовите и обвинителството.<br><br>3. Програмата ќе им овозможи на студентите стекнување вештини за справување со правните проблеми поврзани со криминалот, организираниот криминал, корупцијата и сл. и ќе ги поттикне студентите во развивањето на критичка свест за функционирањето на органите на власта инволвирани во борбата против криминалот.<br><br>4. Оваа програма ќе им биде од особена помош на оние кандидати кои ќе ја продолжат својата кариера во областа на кривично право. | **Предавања/настава**<br><br>Предавањата ќе се следат низ три часовни семинари кои ќе се одржуваат секоја втора недела. На почетокот од предавањето предавачот ќе го изложи општиот контекст на предметот и експозето на клучните проблеми и ќе ги посочи областите за кои ќе се дискутира во иднина. Овој вовед што ќе го најдат студентите во препорачаната литература има цел да ги фокусира семинарите на детаqни дискусии за одредени теми, обично базирани врз презентации и есеи од страна на студентите и воведување дискусии за критичките проблеми. Презентациите бараат од студентите да формираат сопствени гледишта за односната област и да развијат дискусија со предавачот и со студентите.<br><br>**Оценување**<br>Оценувањето на знаењата стекнати од предметите е комбинација од писмените испитувања (колоквиум и краен испит), есеите составени од 4.000 до 5.000 зборови, кои мора да бидат доставени за секој предмет кој е следен, колоквиумот и крајниот испит. Подоцнежниот дел од програмата бара од студентите да истражуваат, да пишуваат и да предадат дисертација составена од 15.000 до 20.000 зборови, по претходно договорена тема од кривично-правната област, а под супервизија на член на академскиот кадар со искуство во односната област. |

| **Б. Вештини и други карактеристики Способности за пренесување на интелектуалните вештини.**<br><br>**По успешното завршување на програмата студентите можат:** | *Предавања/Настава* |
|---|---|
| 1. Да даваат оригинални и напредни коментари кои ги задоволуваат високите научни стандарди и да развиваат критички, аналитички и истражувачки вештини, кои можат да се применат на многу полиња.<br>2. Да развиваат вештини од областа на правните академски истражувања, особено преку писмена презентација на аргументите во духот кој ги интегрира релевантните академски правила и да стекнуваат добра основа во однос на неопходните техники и истражувачките методи кои се дел од специјализираните предмети.<br>3. Да ја продолжат својата кариера во областа на кривичното право на академско ниво како и на практично ниво. | Наброените интелектуални вештини се развиваат пред се преку подготовка и учество на семинари, а помалку преку формални лекции. Ова овозможува различните политики и толкувања на правото да бидат критички проучени, а алтернативните позиции да бидат компаративно проценети.<br><br>Презентацијата на семинарите може целно да биде насочена кон оние области кои дозволуваат поголем простор за дискусија и дебата и за кои постои соодветен интерес. Во продолжение, предметната проценка ги дозволува и ги поттикнува напредните дискусии и презентацијата на ваквите дискусии кои се во согласност со правилата на академското изразување. |

| **Ц. Примена на спец. вештини: Апликација и решавање на правните случаи** | ***Предавања/Настава*** |
|---|---|
| По завршување со успех на програмата, студентите ќе можат:<br><br>1. Со истражувањето и подготвувањето на дисертација да ги развиваат истражувачките вештини. Надгледувањето при подготовката на оваа дисертација им дозволува на студентите и индивидуални прогресивни размислувања.<br><br>2. Да развијат повисок степен на софистицираност преку нивните дисертации, а ова воедно овозможува различните вештини на студентот да дојдат до израз заедно во пишаниот магистерски труд.<br><br>3. Да ги идентификуваат случаите врз основа на поранешните правни искуства.<br><br>4. Да имаат причинско мислење и добра информираност за можните законски дејствија кои потекнуваат од ова мислење, како и од можностите на успехот. | **Оценување**<br>***Способноста за решавање на правните проблеми главно се развива преку подготвување и учество на часовите на оваа програма и незадолжително учество во контестираната програма како и работа на горенаведената програмаа на студии на случаи .***<br><br>По семинарите предводени на англиски јазик од страна на меѓународниот кадар студентите одблиску се запознаваат со наставните и правните методи одобрени во западноевропските и американските универзитети.<br><br>**Оценување**<br>Прашањето околу конкретниот предмет во писмениот испит и во проценката (оценување) на предметот опфаќајќи и тестови по часови и контестирана вредносна перформанса. |

| Извори, истражувања и оценување | *Предавања / Настава* |
| --- | --- |
| **По завршување со успех на програмата, студентите ќе можат:**<br>а) Да ја продолжат својата кариера во областа на кривичното право на академско ниво како и на практично ниво.<br><br>б) Да ги идентификуваат правните и други поврзани прашања што треба да се истражуваат.<br><br>в) Да ги користат на ефикасен начин примарните и секундарните извори.<br><br>г) Да извршат независно правно истражување користејќи редица извори.<br><br>д) Да ги вреднуваат на критичен начин сферите на кривичното право, како од аспект на доктрината, така и од општествен аспект.<br><br>е) Да развиваат повисок степен на научна софистицираност преку нивните тези, а ова воедно, овозможува различните вештини на студентот да дојдат до израз во напишаниот магистерски труд. | **Оценување**<br><br>Оценување на предметот и на дисертациите. |

| Д. Главни вештини: | |
|---|---|
| **Комуникација и писменост**<br><br>По завршување со успех на програмата, студентите се оспособуваат:<br><br>а) Да го користат усно/писмено македонскиот, албанскиот и англискиот јазик, поврзано со прашањата околу областа на кривичното право.<br><br>б) Да се ангажираат на ефикасен и конструктивен начин во доказите и дискусиите на комплексните прашања на македонски, албански и на англиски јазик.<br><br>в) Да даваат јасна и кохерентна презентација за некоја тема или задача, употребувајќи најразновидни материјали.<br><br>д) Да читаат комплексни материјали кои се, или не се поврзани со областа на кривичното право. | **Предавања/Настава**<br><br>Семинарски работи, презентации на часови, дискусии. Подготвувања, пишувања и рефлексии од проценката на пишаниот предмет опфаќајќи и дисертации.<br><br>**Оценување**<br>Оценување на пишаниот предмет, презентации на проценетите часови и како е реализирана проценетата практична работа. Писмени и усни испити. |

**11. Структура на студиската програма, услови за студирање, нивоа, модули, кредити и признанија**

Последипломските студии од областа на кривичното право ќе траат две (2) академски години, односно три (3) семестри составени од по пет (5) предмети и еден (1) семестар за магистерска теза. Предметите во семестрите се задолжителни, додека другите се изборни. Секој слушан предмет, кој е и успешно положен, на студентот ќе му носи шест (6) кредити, додека магистерската теза ќе му носи триесет (30) кредити. Ова значи дека за успешно завршување на последипломските студии ѕе потребни сто и дваесет (120) кредити. Секој предмет треба да се заврши исполнувајќи ги барањата поставени во силабусот на предметот.

## СТУДИСКА ПРОГРАМА ЗА ПОСЛЕДИПЛОМСКИТЕ СТУДИИ ПО КРИВИЧНО ПРАВО

| ***Семестар 1*** | *Кредити* | *Зимски/ Летен* | *Теоретски часови* | *Практични часови* | *Вкупно студиски часови* | *Големина на групите* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Англиски јазик | 6 | З | 22 | 22 | 180 | |
| Методологија на правото | 6 | З | 22 | 22 | 180 | |
| Кривично право | 6 | З | 22 | 22 | 180 | |
| Криминалистика | 6 | З | 22 | 22 | 180 | |
| Изборен предмет | 6 | З | 22 | 22 | 180 | |
| **Вкупно** | **30** | | | | **900** | |

| ***Семестар 2*** | *Кредити* | *Зимски/ Летен* | *Теоретски часови* | *Практични часови* | *Вкупно студиски часови* | *Големина на групите* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Пенологија | 6 | Л | 22 | 22 | 180 | |
| Кривично процесно право | 6 | Л | 22 | 22 | 180 | |
| Меѓународно кривично право | 6 | Л | 22 | 22 | 180 | |
| Криминологија | 6 | Л | 22 | 22 | 180 | |
| Изборен предмет | 6 | Л | 22 | 22 | 180 | |
| **Вкупно** | **30** | | | | **900** | |

| ***Семестар 3*** | *Кредити* | *Зимски/ Летен* | *Теоретски часови* | *Практични часови* | *Вкупно студиски часови* | *Големина на групите* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Виктимологија | 6 | З | 22 | 22 | 180 | |
| Организиран криминал | 6 | З | 22 | 22 | 180 | |
| Прекршочно право | 6 | З | 22 | 22 | 180 | |
| Судска медицина | 6 | З | 22 | 22 | 180 | |
| Изборен предмет | 6 | З | 22 | 22 | 180 | |
| **Вкупно** | **30** | | | | **900** | |

| ***Семестар 4*** | *Кредити* | *Зимски/ Летен* | *Теоретски часови* | *Практични часови* | *Вкупно студиски часови* | *Големина на групите* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Пишување на тезата | 30 | Л | | | 900 | |
| **Вкупно** | **30** | | | | **900** | |

**Изборни предмети:**

1. Трговијата со луѓе и човековите права
2. Судска психологија
3. Шверцот со луѓе
4. Кривичното право и малолетничката деликвенција

## ОПИС НА ЗАДОЛЖИТЕЛНИТЕ ПРЕДМЕТИ

## СЕМЕСТАР 1

### Методологија на правото

Предметот Методологија на правото ги проучува методите на спознавање на правото и нивните видови, како и методите на создавање, толкување и применување на правото, што се неопходно потребни за истражувачкиот процес во сите правни области и во сите степени на академското образование.

### Кривично право

Со поимот Кривично право се опфаќа правна гранка на позитивното право на една држава и научна дисциплина, односно наука на кривичното право.

Кривичното право има цел заштита од криминалитетот со санкционирање на делата или поведенијата што се предвидени како кривични дела и за кои може да се изрекуваат кривични санкции за извршителите на тие дела предвидени со закон.

Начелото на законитост на кривичното дело и казната се основните карактеристики на современото кривичното право. Ова начело е гаранција за прогресот, хуманизмот и демократијата поради тоа што претставува силен столб за заштита на правата на граѓаните за евентуалното арбитрарно однесување на државата. Судовите можат да ги повикаат граѓаните на кривична одговорност и можат да изрекуваат одредени кривични санкции само ако се извршители на некое дело кое претходно е предвидено со кривичноправните норми како кривично дело.

### Криминалистика

Криминалистиката претставува една од диципилините што се проучуваат во рамките на кривичното право воопшто. Нејзин предмет е проучувањето на разните и многубројни начини на откривање на стореното кривично дело, откривање и гонење на сторителот и преку тоа, остварување на правдата. Криминалистичкото учење ја опфаќа криминалистичката техника, тактика и методика како свои целини и начин на структурирање. Целта е секогаш заштита на општеството од криминалитетот преку негово откривање и гонење на сторителите.

## СЕМЕСТАР 2

### Пенологија

Предметот Пенологија ги проучува теориите на казнувањата кои доминирале низ историјата за да се задржи на модерните концепции на казната и методите на нејзиното извршување, притоа анализирајки ја целисходноста на системот на казни во глобални рамки, а посебно во Р. Македонија, проценувајки ја успешноста на тие

системи и нивните резултати. Исто така, предметот ги анализира и иститутiте: рехабилитација, превоспитување и ресоцијализација на осудените за кривични дела.

**Кривично процесно право**

Предметот Кривично процесно право ја prouчува оваа правна гранка која претставува збир на правни норми кои ги уредуваат правните дејствиа на субјектите во кривичната постапка. Кривичната постапка ги уредува односите меѓу субјектите во кривичната постапка, одредувајќи ги нивните права и должности во сите фази на постапката. Во кривичната постапка се усогласуваат: процедуралните односи, облиците на постапката и процедуралните гаранции.

**Меѓународно кривично право**

Овој предмет ја проучува еволуцијата на меѓународното кривично право од Нирнберг и Токио, па сè до развитоkот на меѓународните трибунали за Руанда и Југославија и основањето на Постојаниот меѓународен кривичен суд во Хаг (Римскиот статут 1998). Предметот ги анализира транснационалните судења, како она на Пиноче и негова цел е да понуди детална информација за некои од фундаменталните доктрини на меѓународната кривична одговорност и процесните модели користени да се судат овие случаи. Внимание ќе биде посветено и на концепциите за геноцидот, кривичните дела против човештвото и воените злосторства.

**Криминологија**

Предметот Криминологија ги проучуваа концепциите кои го опkружуваат криминалот, сторителите на кривични дела и одговорот на општеството. Студентите ке се запознаат со детаqната анализа на теоретските, методолошките и политичките прашања поврзани со криминологијата и криминалната правда. Предметот обезбедува фундаментално знаење за повеќето теории за криминологијата кои го објаснуваат криминалитетот. Исто така, предметот се концентрира на природата и динамиката на криминалот, криминалците, жртвите, општеството, правото и сл.

## СЕМЕСТАР 3

**Виктимологија**

Виктимологијата претставува нова наука во рамките на казнено-правните дисциплини која добива се поголемо значење. Таа претставува наука која го проучува статусот на жртвата во казненото право. Во рамки на овој предмет се анализира односот помеѓу жртвата и сторителот на казненото дело, како и односот меѓу жртвата и државните органи надлежни за гонење на сторителите на казнени дела (полицијата, јавното обвинителство, судот итн). Во рамките на овој предмет се проучуваат и начините на компензација предвидени за обесштетување на жртвата.

**Организиран криминал**

Предметот Организиран криминал се концентрира на фактот дека организираниот криминал е константно растечки проблем во Европа. Делата како што се: трговијата со луѓе, шверцот со дрога, перењето пари, меѓународните кражби, проституцијата, нелегалното тргување со оружје и сл, се главните теми на овој предмет. Предметот ќе анализира каков ефект имаат овие дела во нашата држава и каков е нејзиниот развиток за пристапување кон ЕУ, во правна смисла и ќе ги анализира начините за борба против нив вклучувајќи домашни и меѓународни системи за контрола.

**Прекршочно право**

Овој предмет го проучува прекршочното право и неговата положба во однос на кривичното право во Р. Македонија. Студентите ќе имаат можност да се запознаат со законските одредби на ова право кои важат во Р. Македонија и ќе анализираат случаи од оваа област.

**Судска медицина**

Предметот Судска медицина ги проучува медицинските аспекти на анализата на кривичните дела преку проучување на методите за анализа на начините, времето и местото на извршување на одделните кривини дела. Овој предмет го дефинира значењето на судската медицина за откривањето, докажувањето и обвинувањето на сторителите на одделни кривични дела.

## ОПИС НА ИЗБОРНИТЕ ПРЕДМЕТИ

**Трговијата со луѓе и човековите права**

Овој предмет го проучува развитокот на овој светски проблем и неговата актуелизација на меѓународно и национално ниво. По кратка анализа на историскиот развитокот на ова прашање, предметот ги проучува модерните меѓународни инструменти на меѓународно и регионално ниво за регулирање на овој проблем, потенцирајќи ја притоа неговата поврзаност со кривично-правните односи во општеството, и притоа финално анализирајќи ги постојните правни одредби што ги нуди нашето кривично законодавство за борба против овој вид криминал.

**Судска психологија**

Овој предмет ги анализира од аспект на психологијата дејствијата и профилите на сторителите на кривични дела. Предметот овозможува пристап до професионалните техники од оваа област.

**Шверцот со луѓе**

Овој предмет го проучува овој вид криминал на меѓународно ниво преку анализа на Протоколот на Обединетите нации за шверцот со луѓе, анализирајќи ја притоа имплементацијата на овие одредби во нашето кривично законодавство.

**Кривичното право и малолетничката деликвенција**

Овој предмет го проучува начинот на кој се утврдува малолетничката деликвенција во нашето кривично законодавство. Студентите ги проучуваат процесите на идентификација на деликвентите, историскиот развиток на оваа област и моменталните политики за сузбивање на овој вид криминал и рехабилитација на неговите сторители.